Република Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

# ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРШЕЊЕ НА ЗАНАЕТЧИСКА ДЕЈНОСТ

Скопје,

април, 2012 година

ВОВЕД:

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Условите и начинот на вршење на занаетчиска дејност и здружување на занаетчиите се уредени со Законот за вршење на занаетчиската дејност (Сл.весник на Република Македонија бр.62/04, 55/07, 115/10, 36/11 и 53/11).

Предложените измени на овој закон се во насока на преквалификација на прекршоци односно неправилности за кои е предвидена едукација за што вршителите на занаетчиската дејност ја користат како можност за одложување на периодот за отстранување на утврдената неправилност при спроведување на инспекцискиот надзор.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на предложениот закон е преквалификација на прекршоци во повисока категорија, односно отстранување на неправилности за кои е предвидена едукација за што занаетчиите и вршителите на занаетчиската дејност ја користат како можност за одложување на периодот за отстранување на утврдената неправилност при спроведување на инспекцискиот надзор од страна на инспекциските служби.

Законот чие донесување се предлага се заснова на истите начела на кои се заснова и основниот текст на законот.

Предложените измени на законот го содржат следното решение :

- Преквалификација на прекршок во повисока категорија .

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлог законот за изменување на Законот за вршење на занаетчиската дејност не предизвикува фискални импликации врз Буџетот на Република Македонија.

IV. ПРОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложените изменувања на Законот за вршење на занаетчиска дејност не е потребно обезбедување на финансиски средства, ниту материјални обврски за одделни субјекти.

# ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРШЕЊЕ НА ЗАНАЕТЧИСКА ДЕЈНОСТ

## Член 1

Во Законот за вршење на занаетчиската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/2004; 55/2007; 115/2010; 36/2011 и 53/2011) во член 48 став 1 се менува и гласи:

„Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор се утврди дека е сторена неправилност од членот 52-а став 1 точка 1, 3, 4 и 5 на овој закон, државниот пазарен инспектор е должен да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во рок од осум дена и со истовремено врачување на покана за спроведување на едукација на лицето или субјектот каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор“.

## Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Образложение

Измените на Законот за вршење на занаетчиската дејност се вршат со цел преквалификација на прекршоци во повисока категорија, односно отстранување на неправилности за кои е предвидена едукација за што вршителите на занаетчиската дејност ја користат како можност за одложување на периодот за отстранување на утврдената неправилност при спроведување на инспекцискиот надзор.